ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:34-133/11**

**Дата:** 01.09.2011

**ДО**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (во понатамошниот текст МЗШВ) на сметката на основен буџет (631) за 2010 година.

Ревизијата утврди дека е направен задоволителен напредок во имплементацијата на препораките од ревизијата за 2008 година со оглед на тоа што најголем број од препораките се спроведени.

Врз основа на резултатите од ревизијата, изразуваме негативно мислење за реалноста и објективноста на Билансот на состојба на ден 31 декември 2010 година, додека резултатот од финансиските активности за годината што завршува со тој датум е во согласност со важечката законска регулатива. За прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива изразуваме негативно мислење.

Во рамки на утврдените слабости, како позначајни ги констатиравме: неевидентирани побарувања и незаконски остварени приходи по основ на проширена репродукција на шумите, необезбедена целосна и веродостојна документација врз основа на која се евидентирани дел од расходите, незаконски исплатени средства и нецелосно почитување на Законот за јавни набавки при набавките на стоки и услуги.

По однос на наведеното, укажуваме дека одговорните лица во министерството треба да преземат активности со кои ќе се обезбеди уплата на средствата за проширена репродукција на соодветните сметки на Буџетот на РМ, целосност на сметководствените документи пред нивното одобрување, евидентирање и плаќање, законско и наменско користење на буџетски средства и рационално и ефикасно користење на средствата при набавки на стоки и услуги преку доследна примена на постапките утврдени со Законот за јавни набавки.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 9 до 10 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (631) , кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Извршена е ревизија и е издаден извештај за расходите за субвенции и трансфери од сметките на основниот буџет на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за 2008 година. Изразено е мислење со резерва за вистинито и објективно прикажување на расходите за субвенции и трансфери и позитивно мислење за законско и наменско користење на средствата кои претставуваат расходи за субвенции и трансфери.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, застапувано од:

- Љупчо Димовски, министер од 11.07.2009 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1 е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3 Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуват разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 01.03.2011 до 31.05.2011 кај Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство од тим на Државниот завод за ревизија

## 3. Осврт на ревизијата од претходните години – спроведување на препораките

Ревизијата од точката 1.1. опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2008 година.
Во Прилог 1 кон извештајот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство – сметка на основен буџет - 637, дадени се резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2008 година.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 22.06.2011 година.

Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 34 – 133/7 од 13.07.2011 година.

### 4.1 Интерни контроли

4.1.1 Наодите кои се изнесени во точката 4.1.1 од Извештајот за сметката на основен буџет (637) во врска со воспоставување на систем на редовна внатрешна сметководствена контрола и пишани процедури за разграничување на должностите и делегирање на овластувањата во процесот на плаќање се однесуваат и на сметката на основен буџет (631).

### 4.2 Финансиски извештаи

**Биланс на состојба**

4.2.1 Постои неусогласеност помеѓу состојбата на позициите побарувања и други пасивни временски разграничувања во износ од 176 илјади денари и на состојбата на позициите тековни обврски и активните временски разграничувања во износ од 276 илјади денари, во Билансот на состојба на ден 31.12.2010 година, како и помеѓу паричните средства и вишокот на приходи за пренос во наредни години за 100 илјади денари поради неправилна примена на основното сметководствено начело на парично искажување во минати години, што не е во согласност член 19 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

**Препорака**

Одговорните лица во министерството да преземат соодветни активности за усогласување на состојбите на сметките, согласно буџетското начело на парично искажување.

4.2.2 Министерството нема евидентирано побарувања од минати години од ЈП Македонски шуми кое врши одгледување и заштита на шуми за посебна намена во висина од 3% од вредноста на продаденото дрво. Државниот инспекторат за ловство и шумарство изготвува прегледи на пресметани и уплатени средства за проширена репродукција на месечно ниво, но истите не се доставуваат до одделението за сметководство на министерството за нивна евиденција. Неевидентирањето на побарувањата не е во согласност со член 14 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и има за ефект нереално искажување на позициите побарувања и пасивни временски разграничувања во билансот на состојба на 31.12.2010 година во износ од 96.672 илјади денари.

Во текот на 2011 година, според Заклучокот на Влада на РМ за порамнување на средствата помеѓу ЈП Македонски шуми – Скопје и МЗШВ изготвен е Записник за усогласување на меѓусебните побарувања и обврски заклучно со состојба 31.12.2010 година по основ на Програмата за проширена репродукција и акцијата "Ден на дрвото" засади ја својата иднина, поради што ревизијата не дава препорака.

4.2.3 Наодот изнесен во точка 4.3.5 од Извештајот за сметката на основен буџет (637) во врска со неевидентираните побарувања по основ на дадени аванси за службени патувања во странство, и користењето на верна картици за гориво, и нецелосно пополнување на налозите за службени патувања во странство, се однесуваат и на сметката на основниот буџет (631).

**Биланс на приходи и расходи**

4.2.4 Со Законот за шуми (Сл.весник на Р.М бр.64/2009) за работите на проширена репродукција на шуми, во член 95 е предвидено субјектите кои стопанисуваат со шумите во државна сопственост да уплатуваат во Буџетот на РМ средства во висина од 3% од вредноста на исечено дрво, франко камионски пат, сопствениците на шуми во приватна сопственост во висина од 3% од вредноста на продаденото дрво и правните субјекти што вршат промет на дрво во висина од 3% од вредноста на продаденото дрво. Според Прегледот на пресметани и уплатени средства за проширена репродукција за 2010 година, изготвен од МЗШВ, ЈП Македонски шуми нема уплатено средства во Буџетот на РМ во вкупен износ од 20.796 илјади денари. Од друга страна МЗШВ во 2010 година, има остварено приходи за проширена репродукција во вкупен износ од 18.022 илјади денари и тоа: од субјектите кои вршат промет на дрва 5.788

илјади денари и од сопственици на шуми во приватна сопственост 12.234 илјади денари. Овие средства се незаконски уплатувани на сметката на министерството и истите треба да се приход на Буџетот на РМ. Непочитувањето на законските одредби има за ефект помалку остварени приходи во Буџетот на РМ за 38.818 илјади денари.

**Препорака**

Одговорните лица во министерството да преземат мерки и активности со цел средствата за проширена репродукција на шумите да се уплатуваат на соодветните сметки на Буџетот на РМ.

4.2.5 Ревизијата не доби достатни и релевантни докази за да ја потврди реалноста и објективноста на искажаните расходи во вкупен износ од 1.547 илјади денари поради непостоење на соодветна поткрепувачка документација, спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, кај следните видови на расходи:

- Надомест за авторски хонорари за стручна изработка и контрола на завршни сметки, изработка на посебен компјутерски книговодствен материјал и консултации во вкупен износ од 316 илјади денари;
- Набавка на канцелариски материјали во вкупен износ од 75 илјади денари;
- Услуги за сервисирање и одржување на возила во вкупен износ од 613 илјади денари;
- Набавка на униформи (одела, јакни, ташна и спортска опрема) во вкупен износ од 147 илјади денари;
- Услуги за хемиско чистење во износ од 60 илјади денари;
- Изведба на градежни работи (изработка на преграден ѕид, молерофарбарски услуги, набавка, поправка и монтажа на врати во износ од 112 илјади денари;
- Сервисирање на копир и мултифункциски апарати во износ од 38 илјади денари;
- Набавка на разни стоки во износ од 70 илјади денари;
- Услуги за копирање и печатење во вкупен износ од 116 илјади денари.

Наведените состојби не се во согласност со член 12 од Законот и член 14 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници укажуваат на необезбеден систем на интерни контроли кој може да доведе до несовесно користење и злоупотреба на буџетските средства.

**Препорака**

Одговорното лице на министерството да преземе мерки, исплатите и евидентирањата во деловните книги да бидат поткрепени со веродостојни и вистинити сметководствени документи.

## 4.3 Користење на средства согласно законските прописи

4.3.1. За учество на 57-миот Светски натпревар за трактористи – орачи одржан во Нов Зеланд за натпреварувачите од Сојузот на техничка култура во стопанството на Македонија при Народна техника набавени се 5 авиобилети во износ од 601 илјади денари од кои во 2010 година исплатени се 201 илјада денари. Исплатените средства не се предвидени со буџетот/финансискиот план и не се за потребите и целите на министерството, што не е во согласност со член 37-в од Законот за буџетите и има за ефект ненаменски потрошени буџетски средства.

**Препорака:**

Одговорните лица во министерството да преземат соодветни мерки во однос на законското и наменското користење на средствата согласно одобрениот буџет на министерството.

**Јавни набавки**

4.3.2. Наодите кои се изнесени во точка 4.4.1 од Извештајот за сметката на основен буџет (637), во врска со утврдените констатации за поединечни неправилности во спроведување на постапките за јавни набавки, се однесуваат и на сметката на основниот буџет (631) од која се врши делумно финансирање на набавките.

4.3.3. Не се спроведени постапки за јавна набавка во вкупен износ од 440 илјади денари за набавка на автогуми (294 илјади денари) и канцелариски мебел (146 илјади денари).

Ваквиот начин на работење не е во согласност со одредбите од член 16 од ЗЈН со што не се обезбедува транспарентно работење и еднаков третман на економските оператори, а создава можност од нерационално и ненаменско трошење на средствата.

**Вкупни ефекти од наодите**

Врз основа на изнесеното во точките 4.2.1, 4.2.2 и 4.2.3 од овој извештај, а кои се однесуваат на неправилна примена на основното сметководствено начело на парично искажување од минатите години, неискажани се побарувања по основ на проширена репродукција на шуми чија вредност е поголема од вкупната искажана актива од Билансот на состојба.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.2.1, 4.2.2 и 4.2.3 финансиските извештаи не ја прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, сметка на основен буџет (631), на ден 31 декември 2010 година, додека резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум е во согласност со важечките законски прописи.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.2 и 4.3 активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, сметка на основен буџет (631), не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени практики.

Скопје, 29.08.2011 година

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2010 година

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2010** | **2009** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1.1. | 35.640 | 53.630 |
| Трансфери и донации | 3.1.2. | 930 | 9.450 |
| **Вкупно приходи** | | **36.570** | **63.080** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | 3.2.1. | 23.117 | 44.984 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.2. | 6.315 | 83 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **29.432** | **45.067** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3.1. | 6.181 | 17.083 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **6.181** | **17.083** |
| **Вкупно расходи** | | **35.613** | **62.150** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **957** | **930** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | **957** | **930** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

| | | | во 000 денари |
|---|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **Образло-жение** | **2010** | **2009** |
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 1.057 | 2.093 |
| Побарувања | 4.1.2. | 54.228 | 53.077 |
| Краткорочни финансиски побарувања | 4.1.3. | 4.733 | 4.733 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.4. | 3.168 | 3.572 |
| **Вкупно тековни средства** | | **63.186** | **63.475** |
| **Вкупна актива** | | **63.186** | **63.475** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.2.1. | 2.960 | 4.606 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.2.2. | 484 | 36 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.3. | 59.742 | 58.833 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **63.186** | **63.475** |
| **Вкупна пасива** | | **63.186** | **63.475** |